**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2013 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 19 април 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2017 година, остварените вкупни приходи и расходи во 2017 година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во 2017 година.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја изврши обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***